Коле ЈОВАНОВСКИ

# АНТРОПОЛОШКИОТ КОНЦЕПТ НА АЛБЕР КАМИ

"Un homme parle au téléphone, derriére une cloison vitrée, on ne l'entend pas, mais on voit sa mimique sans portée: on se demande pourquoi il vit"[1]

Kami

"Toute expérience veritable debouche dans la mort."[2]

Robert de Luppé

На почетокот една аналитичка методолошка конкретизација: иако Албер Ками во своето текстуално наследство не оставил конституиран и кохерентен систем на антрополошки сфаќања, во статијава ќе се обидеме да систематизираме дел од богаството на антрополошките увиди и согледувања на овој најмлад добитник на Нобеловата награда и еклатантен претставник на француската егзистенцијалистичка филозофија.

## Што е човекот?

Од Камиевите искажувања за штоството или можеби е поадекватно да се рече за каквоста на антропограмот "човек" може да се дедуцира еден глобален суд: тој бил свесен за комплексноста, полидимензионалноста и поливалентноста на супстанцијалните и функционалните ингредиенти на онтичката специфика и уникалноста на човекот. Во поткрепа на апострофираното ги наведуваме следниве

1. "Еден човек зборува на телефон, зад една стаклена преграда, ние не го слушаме, но ја гледаме неговата бесмислена мимика: се прашуваме зошто живее", Grenie, Roger: "Albert Kamus", "Gallimard", Paris, 1987,p.95

2. "Сиот вистински експеримент завршува во смртта", Luppe, de Robert,Albert Kamus", "Editions Universaitares", 1960,p.117.

два негови ставови: "Не е баш така лесно да станеш она што си, да ја пронајдеш својата длабока мерка".[3] Човекот кој станува свесен за својата задача, нема повеќе што да очекува".[4]

Тешкотијата на антропоспецијацијата и антропоконкретизацијата ја посочува следниов став: "Не е секогаш лесно да бидеш човек, а уште помалку да бидеш чист човек".[5]

Во збирката раскази "Лето" ги наоѓаме овие, по својата лексичко-семантичка конотација, сартровски антрополошки искажувања на Ками: "Ниеден човек не може да рече што е. Но се случува да умее да го рече она што не е ".[6] Ниеден човек не се осмелил да се прикаже онаков каков што е".[7]

Проучувањето на човекот, според Ками, може да имплицира и професионална регресивна носталгија: "Кога професионално или од склоност многу размислуваме за човекот, се случува да почувствуваме носталгија кон приметите. Тие, тие немаат скриени мисли".[8]

Во својата прочуена драма "Калигула", која лапидарно ја атрибутира како "смислата на смртта", Ками упатува на апориската структура на процесот на реализација на идиомот "човек": "Како е тешко, како е горчливо да станеш човек".[9] "Чесен човек е така редок на овој свет што не можам долго да го гледам".[10]

Во своето дело "Револтираниот човек", во врска со кое е настаната прочуената полемика Сартр-Ками, филозофот на апсурдот вели: "Човекот е единственото суштество кое одбива да биде она што е".[11]

Камиевото конципирање на смислата на човекот во себе содржи и аксиолошка димензија: "Може ли човекот сам себе да си ги создаде своите сопствени вредности? Тоа е целиот проблем...?"[12]

Натамошна конститутивна состојка на Камиевиот прототип на човекот е неговата иманентно-трансцендентна, идеациско-реализациска димензија. Тој се обидува да ја специфицира со следниов комплекс од мисли: "Човекот, сам по себе, не е ништо . Тој е само бескрајна шанса. Но тој е бескрајно одговорен за таа шанса. Сам по себе човекот е склон да се разлее. Но ако го понесе неговата волја, совест, смисла за авантура, шансата станува поголема. Никој не може да рече дека ја дофатил границата на човекот.Тоа го научив токму од изминатите години. (Ками ги пишува овие редови на 32-годишна возраст-К.Ј.) Од животно до маченик, од злобност до безнадежно жртвување, нема сведоштво кое не било потресно. На секој од нас е да ја искористи во себе најголемата шанса на човекот, својата конечна доблест. Оној ден кога човечката

3. Camus, Albert,"Odabrana djela" u osam svezaka, "Zora", Zagreb,1971,Tom I,str.88.
4. Ibid. стр. 96
5. Ibid. стр. 108
6. Ibid. стр. 163
7. Ibid. стр. 166
8. Том II, стр. 94
9. Том IV, стр. 29
10. Ibid. стр. 79
11. Том VI, стр. 14
12. Том VII, стр. 248

граница би имала смисла, ќе се постави проблемот на Бога. Но не порано, никогаш порано, пред можноста да се проживее докрај. Можна е само една цел во големите потфати, а тоа е човечката плодност. *Но најнайред да се сшане господар на самиош себе*".[13]

На прашањето дали е песимист или оптимист,Ками одговара: Јас ќе речам дека сум песимист што се однесува до човечката судбина, но оптимист што се однесува до човекот".[14]

Во Камиевото сфаќање за човекот провејува и една песимистичка нишка: "Што вреди човекот? Што е човекот? По тоа што сум го видел, за цел живот ќе ми остане претпазливост и основна вознемиреност во однос на него".[15] Како спротивност на тоа, еве и едно оптимистичко видување на човекот: "Ништо на луѓето не им е дадено, а тоа малку што можат да го стекнат го плаќаат со неправедна смрт. Но величината на човекот не е во тоа. Таа е во неговата одлука да биде посилен од својата судбина. Иако неговата судбина е неправедна, единствениот начин да ја совлада е самиот да биде праведен".[16]

Во своето прочуено дело "Митот за Сизиф"Ками како да е скептичен во поглед на дефинитивното сознание на човекот: "Можне е можно човекот да ни остане засекогаш непознат и во него секогаш да има нешто несфатливо што ни се измолкнува. Но, *прашично*, ги познавам луѓето, ги препознавам според нивното однесување, според збирот на нивните чинови, според последиците што ги предизвикува нивниот помин во животот .....човекот еднакво се определува и според своите преправања и според своите искрени вознеси".[17]

КакоКами го определува апсурдниот човек? Тој прецизира: "Тоа е оној човек кој, не негирајќи ја, не работи ништо за вечноста. Уверен во својата ограничена слобода, во својот револт без иднина и својата краткотрајна свест, тој ја следи својата авантура во времето на својот живот. Таму е неговото поле, таму е неговата акција која ја спасува од секој суд, освен од својот. Еден виш живот за него не може да значи друг живот".[18]

Во "Писмата на еден германски пријател" на прашањето: што е човекот одговара: "Тој е сила која накрај секогаш ги разнишува тираните и боговите. Човекот е сила на стварноста. Тоа е човечка стварност која мораме да ја зачуваме, а нашата сегашна сигурност доаѓа оттаму што нејзината судбина и судбината на нашата земја се врзани една за друга".[19] И понатаму: "...верувам дека овој свет нема виша смисла. Но знам дека нешто во тој свет има смисла, а тоа е човекот бидејќи тој е единственото суштество кое бара да ја има".[20]

---

13. Ibid. стр. 271.
14 Ibid. стр. 276
15. Ibid, стр. 301
16. Том VIII, стр. 14
17. Том V, стр. 17-18
19. Ibid. стр. 144
20. Ibid. стр. 160

## Смислата на смртта

Разликата меѓу онтолошката и онтичката димензија на феноменот на смртта во визурата на Албер Ками е потенцирана со неговата сентенца "смрт за сите, но секому неговата смрт".[21]

Ками како да не верува во бесмртноста и пледира за афирмација на обостраноста на смислата на животот. "Не ми се допаѓа верувањето дека смртта отвора пат за еден друг живот. Таа за мене претставува затворена врата... Сето она што ми го предлагаат настојува човекот да го растовари од тежината на сопствениот живот... Премногу сум млад за да би можел да зборувам за смртта. Но кога би морал, ми се чини дека токму овде би го пронашол вистинскиот збор кој, меѓу ужасот и молчењето, би ја изразил свесната сигурност во безнадежната смрт... Младиот човек го гледа светот лице в лице. Немал време да ја бруси мислата за смртта или ништоста, чиј ужас сепак го соцвакал".[22]

Следниве Камиеви мисли за смртта поседуваат самосвојна онтичка танатолошка архитектоника: "Ме зачудува секогаш, сé додека сме подготвени да му даруваме за другите содржини на животот, сиромаштвото на идеите кои ги имаме за смртта. Тоа е добро или лошо... За смртта и боите не умееме да расправаме. Си велам себеси: јас морам да умрам, но тоа не значи ништо, оти не ми успева во тоа да поверувам, и бидејќи можам да имам искуство само за смртта на другите. Сум видел како умираат луѓето... сфаќам дека сиот мој страв пред смртта доаѓа од мојата љубомора кон животот. Љубоморен сум на оние кои ќе живеат и за кои цвеќето и копнежот кон жената ќе ја сочуваат сета смисла на крв и телесност. Завидлив сум оти премногу го сакам животот, а да не би бил себичен. Што ме интересира вечноста.

Но луѓето умираат против својата волја, и покрај сето што ги окружува. Им зборуваат: "Кога ќе оздравеш..." а тие сепак ќе умрат. Јас тоа не го сакам".[23]

Дали човековата судбина е во тоа да умре сам? Ками на тоа прашање одговара амбивалентно: "Една од ужасните привилегии на човековата судбина е дека секој умира сам, но ништо не е помалку сурова и помалку вистинита помислата дека заправо никогаш на човекот не му било можно да умре навистина сам".[24]

Дека Ками загинал во автомобилска несреќа на 4 јануари 1960 година е општо познат факт од неговата животна историја. Но каква смрт посакувал Ками?: "Поскаував понекогаш насилна смрт-нешто како смрт при која ни се опростува што викаме против кубењето на душата. Друг пат мечтаев за бавен завршеток, непрестајно при полна свест, барам-во мојата отсутност-да не се каже дека сум се изненадил, дека најпосле би сознал ..."[25]

21.Том I, стр. 56
22. Ibid. стр. 96-98
23. Ibid. стр. 98
24. Том VII, стр. 209
25. Ibid. стр. 409

Од "Митот за Сизиф" ги посочуваме следниве танаталошки мисли на Албер Ками: "Најпосле, доаѓам, до смртта и чувствата кои ги имаме за неа. За тоа сѐ е речено и треба да се чуваме од патетика. Не можеме сепак доволно да се начудиме дека сите луѓе живеат како никој да не знае. Имено, тоа е затоа што нема искуство за смртта. Во вистинската смисла на зборот е искусено дури она што е доживеано и осмислено. Овде едвај е можно да се зборува за искуството на смртта на другите. А тоа е надополнување, еден духовен поглед и во тоа не сме никогаш наполно уверени. Таа тажна конвенција не може да биде уверлива".[26]

Во врска со начинот на кој Албер Ками го окончал својот живот во автомобилска несреќа, да посочиме само еден интересен податок-реминисценција. Кога Ками ги возел Марија Казаре и Мишел Буке во Оверх, неколку години пред неговата смрт, за да ја видат собата на Винсен Ван Гог, Марија Казаре го замолила да побрза, оти тој возел мошне бавно, Ками ѝ одговорил: Јас не познавам ништо поапсурдно одошто да се изгуби живот во автомобилска несреќа.[27]

Во делата на Албер Ками е присутна раскошна феноменологија на реализацијата на модалитетите на смртта, од која ги посочуваме: смртта како последица на апсурдноста, недоразбирањето, револуционерната акција, начинот на осмислувањето и богатењето во животот, индиферентност кон животот, последица од болеста итн.

Францускиот филозоф Робер де Липе смета дека една од фундаменталните мисли на Албер Ками е дека целиот вистински експеримент завршува во смртта, односно дека објект на единственост на мислата на Ками е еден дуализам, и тоа дуализам меѓу животот и смртта, љубовта и омразата, "нежноста" и "правдата"[28]

## Смислата на животот

Како Албер Ками ја концепира содржината и структурата на антропограмот "смислата и вредноста на човековиот живот". Најнапред, тој смислата и вредноста на човековиот живот ја доведува во онтичка депенденција со човековата среќа: "Сознавам дека нема надчовечка среќа, ниту вечност надвор од кривата патека на денот. Тие смешни и битни добра, тие релативни вистини се единствените кои ме возбудуваат. За другите, идеалните, не сум доволно душевен за да би можел да ги разберам".[29] Па, продолжува: "Но што е среќата ако не оној едноставен склад меѓу суштеството и животот кој тоа го минува? И кој ли позаконит склад може да го соедини човекот со чивотот од двократната вест за неговата желба за траење и неговата смртна судбина? Така барем човекот

26. Том V, стр. 20-21

27. "Quand Camus avait conduit Maria Casares et Mishel Bouquet a Auverssur-Oise, quelques annees auparavant, pour voir la chambre de Vinsent Van Gogh, Maria Casares l avait prie de se depeher,......, car il condiusatt fot lentement, et il avait repondu: "Je ne connais rien de plus idiot que de mourir dans un accident de voiture", Lottman, R.Herbert, "Albvert Camus", Editions du Seuil, Paris,1978,p.683

28. Luppe, de Robert, pp.cit.p. 117-118

29.Том I, стр. 108

учи да не смета на ништо и сегашноста да ја смета единствената вистина која кон тоа му е дадена... Пуштете ме со отворени очи да ја барам својата мера и своето задоволство!"[30]

Ками протестира против обмислувањето на животот: "Но не можам да гледам како исчезнува смислата на животот, причината на нашето живеење. Не може да се живее без причина".[31] Или попрецизно потенцирано: "Мојот живот не е ништо. Она што вреди се причините на мојот живот".[32]

Во книгата "Револтираниот човек" Ками смета дека ако во ништо не веруваме, ако ништо нема смисла и ако не можеме да потврдиме никаква вредност, тогаш сé е можно и ништо не е важно.[33] Па продолжува: "Апсурдот е противречност во својатга содржина бидејќи исклучува вредносни содржини сакајќи да го одржи животот, додека животот по себе е вредносен суд. Сигурно е неисправно да се рече дека животот е непрекинат избор. Да се диши, значи да се суди. Но вистина е дека не може да се замисли живот лишен од секаков избор".[34]

Вредносната редукција на животот резултира со она што Ками го нарекува укинување на смислата на животот и останување во региите на биолошкото живуркање-вегетирање.

Каде Ками ја наоѓа уникалноста на човековото смисловно бидување? Во врска со тоа тој вели:"За да се биде еднаш на светот, треба никогаш повеќе да не се биде. Овде е извор на онаа несреќна завист која толку луѓе ја чувствуваат кон животот на другите. Перцепирајќи ги тие егзистенции однадвор, им се припишува систематичност и единство кои тие навистина не можат да ги имаат, но кои на набљудувачот му се присторуваат очигледни. Тој ја гледа само цртата на врвот на тие животи, занемарувајќи ги подробностите кои ги разјадуваат. Ние спонтано ги романсираме. Секој во таа смисла од својот живот настојува да создаде уметничко дело".[35]

Во кои слоеви од населението Ками ја наоѓа прототипската смисла и вредноста на човековата егзистенција? Во одговорот на ова прашање тој е јасен: "Имено, имам да кажам само едно: дека, живеејќи во сиромаштија, меѓу понижениге и ништожните луѓе, навистина сум го допрел она што ми се присторува вистинска смисла на животот".[36]

А идиомски таа парадигматична смисла и вредност на човековата егзистенција Ками ја формулира на следниов начин: "Вечноста е овде и јас сум ѝ се надевал. Сега можам да зборувам. Не знам што би можел да посакам подобро отколку што е ова непрекинато присуство на мене самиот во мене самиот. Сега не сакам да бидам среќен, туку само да

30. Ibid. стр. 119
31. Том IV, стр. 36
32. Ibid. стр. 288
33. Том VI, стр. 9
34. Ibid. стр. 12
35. Ibid. стр. 254-255
36. Том VII, стр. 7

бидам свесен... Станувам свесен за можностите за кои одговарам. Секоја минута од животот во себе носи својство на чудо и лице на вечна младост." [37]

Да ли би можела целосно да се прифати егзимплификацијата на содржината на смислата и вредноста на човековиот живот што ни ја посочува Ками во следниов комплекс од мисли-пораки: "Дедото на А.Б. на 50 години оценил дека доста направил. Во својата куќа во Тлемцен тој легнал и повеќе не станал, освен за најважните потреби, сé до својата смрт во 84-тата година. Поради скржавост никогаш не купил часовник. Времето, а особено часовите за оброците ги определувал со помош на две тенџериња од кои едно било полно со леќа (Спореди го стариот астматичар во "Чума"). Го полнел другото со еднакво грижливо и првилно движење и така се снаоѓал во денот измерен со помош на тенџере.

Тој веќе со тоа го одбележил својот позив така што ништо не го интересирало, ни неговата работа, ниту пријателството, ниту музиката, ниту кафеаната. Никогаш не излегол од својот град, овен еднаш кога ... отпатувал за Оран... На оние кои му се чуделе на неговиот живот, кој за време од 34 години го минал в кревет, им зборувал дека верата востановила дека половината од човечкиот живот е подем, а втората половина удолнина и дека за време на удолнината на човекот повеќе не му припаѓаат неговите денови...

Неговиот лик ја доживува длабоката желба која му ја повторувал секому кој сакал да го слуша: се надевал дека ќе умре мошне стар." [38]

Според Ками да се оствари смислата и вредноста на човековата егзистенција значи дека се има сила да се избере тоа што најповеќе се сака и при тоа да се остане, а во спротивно подобро би било да се умре.

Смислата и вредноста на човековиот живот Ками ги разгледува како од среќна, така и од несреќна, трагична антрополошка оптика. Во врска со првата тој вели: "Моја животна среќа е што сум среќавал, сакал (и измамувал) само извонредни луѓе. Сум ги запознал доблеста, достоинството, природноста, благородноста *кај другите*. Прекрасна глетка и-болна" [39]

А трагичната: "Јас сум со таа неизмерна толпа што непрекинато оди кон јамата во која сите ќе попаѓаат едни врз други, туркани секогаш од нова толпа зад себе, која самата..." [40]

Каква вредносно-смисловна цел на својата егзистенција си поставил Ками, а каква реализирал? Во врска со тоа Ками вели: "Единственото настојување во мојот живот, бидејќи останатото ми било дадено, и тоа обилно (освен богатството кое не ми е потребно): да се проживее живот на нормален човек. Не сум сакал да бидам човек на пропаста. Тоа силно

37. Ibid. стр. 12
38. Ibid. стр. 174-175
39. Ibid. стр. 342
4o. Ibid. стр. 344

настојување ништо не користело. Малку-помалку, место сé повеќе да успевам во својот потфат, гледам како се приближува пропаста.

Треба да се сака животот пред да ја засакаме неговата смисла, вели Достоевски. Да, и кога љубовта кон животот исчезнува, никаква смисла за тоа нас не нé утешува".[41] Според Ками, животот не е ништо друго, овен тоа долготрајно и мачно раѓање. Смислата на животот, валоризирана низ визурата на онтичко-дневната конкретизација Ками ја егзимплифицира на следниов начин: "Бескрајно е задоволството на човек кој работел и добро го искористил својот ден. Кога сум во таква состојба, прекрасно уживам и во најмалиот одмор. Можам дури и без трошка жалење да се најдам во друштво на најздодевни луѓе".[42]

Смислата и вредноста на човековиот живот валоризирана низ една геријатриска оптика Ками ја специфицира со следниве резигнирачко-билансни показатели: Како тие старци кои во некоја голема куќа, некогаш полна со живот и врева, се повлекуваат во еден агол, потоа во една соба, па во најтесната од сите собички и таму, затворени, ги соединуваат сите знаци на животот-очекувајќи тесно, уште потесно засолниште".[43]

Да се старее, констатира Ками, значи да се минува од страста кон сомилоста.

Следниве Камиеви констатации за смислата на човековото живеење како да потекнуваат од онтичкото јадро на сегашново современие: "Она што навистина најповеќе изненадува во светот во кој живееме, тоа е, пред сé и воопшто, дека мнозинството од луѓето (освен верниците од секој вид) е лишено од иднина. Нема живот кој би имал вредност на проекција во иднината, без ветување на зрелост и напредок. Да се живее пред ѕид е кучешки живот. Навистина. Луѓето од мојата генерација од генерацијата која денес влегува во работилниците и на факултетите живееле и сé повеќе живеат со кучешки живот."[44]

Од делото "Митот зе Сизиф", од аспект на тематиката на смислата и вредноста на човековиот живот, ги посочуваме следниве Камиеви ставови: Да се суди за тоа дали има или нема смисла да се живее, значи да се одговори на темелно филозофско прашање. Многу луѓе умираат затоа што сметаат дека не вреди да живеат, додека друга категорија луѓе се убиваат поради идеи или илузии кои се смислата на нивниот живот. Она што се наречува причина за живење истовремено е и извонредна причина за умирање. Смислата на животот е најнужно прашање, но како да се одговори на него?

Одречувањето на смислата на животот нужно води кон изјавата дека нема смисла да се живее... Човекот се убива затоа што нема смисла да живее, ете несомнена но сепак неплодна вистина-оти е

41. Ibid. стр. 358
42. Ibid. стр. 381
43. Ibid. стр. 392
44. Том VII, стр. 83

излитена. Меѓутоа, извира ли тој напад врз животот, тоа негирање на животот, од тоа што животот воопшто нема смисла?

Се случува декорот на секојдневната завериженост да се раскине. Станување, трамвај, четири часа работа во канцеларија или во фабрика, јадење, трамвај, четири часа работа, јадење, сон; и така понеделник, вторник, среда, четврток, петок и сабота во ист ритам, тој пат лесно се следи. Но, само еден ден пламнува "зошто" и се почнува со тој замор во знак на чудење. "Почнува", тоа е значајно. Заморот е на крајот на чинот на механичкиот живот, но истовремено со него почнува движењето на свеста. Тој ја буди и предизвикува продолжување. Продолжувањето-тоа е несвесно враќање кон алката или тоа е конечно будење

Од луѓето, исто така зрачи нечовечност. Во извесни луцидни моменти, механичкиот аспект на нивното однесување, нивната пантомима без смисла, го чини глупо сé што ги окружува. Зад стаклената преграда некој човек зборува на телефон; ние не го слушаме, но ја гледаме неговата бесмислена мимика: се прашуваме зошто тој живее.

Меѓу сигурноста која ја имам за своето постоење и содржината која се обидувам да ѝ ја дадам на таа сигурност, бездната никогаш не ќе биде затрупана. Засекогаш ќе бидам туѓ на самиот себе.

Не знам има ли овој свет мисла која ме надминува. Меѓутоа, знам дека не ја познавам таа смисла и дека, засега, ми е неможно да ја познаам таа смисла. Што за мене значи смислата надвор од мојот живот? Можам да разберам само со човечки поими.

Кога би бил стебло меѓу другите стебла, мачка меѓу животните, овој живот би имал смисла или, подобро речено, тој проблем не би постоел. Јас би бил овој свет кому сега му се спротиставувам со сета своја свест и сето свое барање за блискост. Тој разум, така ироничен, ме спротиставува на секое суштество.

Верата во смислата на животот секогаш претпоставува скала на вредности, избор, наши преференции. Верата во апсурд, според нашите дефиници, поучува спротивно...

Сакаме да заработиме пари за да живееме среќно, и сиот труд, и тоа најдобар, на еден живот, се усредоточува врз заработувачката на тие пари. Среќата е заборвена, средството е сфатено како цел.

Кај Сизиф го гледаме целиот напор на едно тело напрегнато да го подигне огромниот камен, да се тркала и дотурка во угорнината стопати мината; се гледа згрченото лице, образот потпран врз каменот, подметнатото рамо ке ја прима масата прекриена со глина, ногата која го запира, и, одново, само рацете, потполно човековата сигурност на две раце, полни со земја. Тогаш Сизиф го набљудува каменот како за неколку мига се спушта кон тој нижи свет, откаде повторно треба да се дотурка до врвот. Тој одново слегува во подножјето... Лицето кое се мачи во непосредната близина на каменот веќе и самото е камен!

Јас го оставам Сизиф во подножјето на планината. Секогаш се пронаоѓа сопствениот товар. Но, Сизиф, не поучува кон повисоката

верност, која ги негира боговите и ги подига камењата. Тој, исто така, смета дека сé е добро. Овој свет од сега без господар не му се чини ниту јалов, ниту ништожен. Секое делче од тој камен, секој минерален блесок на таа планина, полна со ноќта, сам за себе чини еден засебен свет. Самата битка да се стаса до врвот е доволна за исполнување на човековото срце. Сизиф треба себеси да си го претставиме како среќен.[45]

Во делото "Странецот" главниот јунак Мерсо пледира за афирмација на вредносно редуцирана, но смисловно артикулирана, смисла на човековиот живот: "Често мислев тогаш дека кога некој би ме присилил да живеам во некое исушено стебло од дрво, без друга разонода освен да ја гледам бојата на небото над мојата глава, малку помалку и на тоа би свикнал. Би го чекал минувањето на птиците или средбите на облаците, како што ги чекав тука чудните вратоврски на мојот адвокат и во еден друг свет, како што стрпливо ја чекав саботата за да го прегрнам телото на Марија. Зошто, кога добро ќе се размисли, јас не бев во суво дрво. Имаше тука (во затворот-К.Ј.) понесреќни од мене. Тоа впрочем беше мислата на мама и таа ја повторуваше често, дека на крајот човек се свикнува на сé".[46]

Во постхумно објавениот роман "Среќна смрт", во четвртото поглавје е поместен еден интересен разговор за смислата и вредноста на човековиот живот меѓу Патрис Мерсо и Роланд Загреус, од кој ги апострофираме следниве мисли:

Не сакам да зборувам сериозно. Бидејќи тогаш постои само една работа за која може да се зборува: оправдувањето ке му се дава на животот. Јас не гледам како во сопствените очи би можел да ги оправдам осакатените нозе.

Ми помагаат да ги подмирам своите потреби. А подоцна ме перат и бришат. И што е најлошо, некого плаќам за тоа. Па видете, никогаш не би направил нешто за да го скратам животот во кој толку верувам. Би прифатил и нешто полошо, слепост, глувост, сé што сакате, само во својата утроба да го чувствувам тој мрачен жежок пламен кој сум јас, јас жив. Би сонувал само да му се заблагодарам на животот кој ми допуштил уште да горам.

Пред неколку години се било пред мене, ми зборуваа за животот, за иднината. Им поверував. Дури го правев сето тоа што беше потребно. Но веќе тогаш, сето тоа ми беше туѓо. Да се согласиш на безличност, тоа ме загрижува. Да не се биде среќен, да се биде против. Лошо се изразувам, но вие ме разбирате. Загреус. Уште сега, кога би имал време...Само би се препуштил. Сé што би доживеал повеќе од тоа, в ред, би било како дожд врз чакал. Тоа го освежува, а тоа е веќе мошне убаво. Некој друг ден сонцето би го изгорело. Секогаш ми се чинело дека среќата е токму тоа.

---

45. Том V, стр. II-12, 15, 19, 20, 23, 48-49, 55, 94, 112, 144.
46. Ками, Албер, Странецот, Македонска книга, Скопје, 1986, стр. 71

Немаме време да бидеме ние самите. Не би ви пречело појасно да ми ја определите својата идеја за безличноста?

Простете, Загреус, но одамна не сум зборувал за некои работи. И така, повеќе не знам или не добро. Кога го набљудувам својот живот и неговата тајна боја, во себе чувствувам нешто како порој од солзи. Како ова небо. Во ист миг дожд и сонце, пладне и полноќ. Ах, Загреус! Мислам на оние усни кои сум ги љубел, на сиромашно дете какво што сум бил, на лудост на животот и амбициите кои ме понесуваат во некои моменти. Јас сум сето тоа наеднаш. Сигурно има моменти кога не би сте ме препознавале. Претеран во несреќата, неумерен во среќата, не знам да кажам.

Од својот живот не би направил експеримент. Јас би бил експеримент на својот живот.

И скоро во сите случаи, ние својот живот го употребуваме за да заработиме пари, а би требало со парите да го заработуваме времето. Тоа е единствениот проблем кој отсекогаш ме интересирал. Тој е јасен. Чист.

Да се има пари, значи да се има време. Времето се купува. Сé се купува. Да се биде или да се стане богат, тоа значи да се има време да бидеш среќен кога си достоен тоа да бидеш.

Овој живот кој ме разјадува не го запознав до крај, и она што ме плаши во смртта тоа е извесноста која ја носи дека живстот минал без мене.[47]

Со посочениве конститутивни компоненти на Камиевиот антрополошки концепт-смислата на човекот, смислата на смртта и смислата на човековиот живот-се разбира само по себе, дека не е опфатена целината и богатството од увиди што ги содржи делото на овој филозоф на апсурдот. За да се добие релативно интегрална презентација, елаборација и експликација на Камиевото сфаќање на човекот, би требало да се изложат, анализираат и систематизираат конститутивните ингредиенти на неговата антропоконцепција кои енумеративно би ги опфаќале следниве тематски подрачја: апсурдот, револтот, алиенацијата, слободата, љубовта, смислата, среќата, луцидноста, носталгијата кон апсолутното, моралниот идеал, волјата за моќ итн.

Секоја детализирана дисциплинирана тематизација и елаборација на едно комплексно и поливалентно филозофско и литературно дело, како што е во конкретниов случај Камиевото претставува нарушување на една многу значајна смисловно-значенска, антрополошко-аксиолошка и телеолошко-онтичка целина. Валоризирано во стриктно антрополошка визура и оптика Камиевото филозофско дело имплицира повеќеслојна антрополошка и метаантрополошка интертекстуална и интратекстуална херементичка и семасиолошка експертиза, елаборација и експликација. Особено би било интересно и атрактивно во целината на Камиевиот

47. Camus, Albert, "Sretna smrt", "Naprijed", Zagreb, 1973, стр. 51, 52, 53, 54, 55, 57

антрополошки концепт да се направи обид за диференцијација на она што е антрополошки трајно од антропограмски ефемерното и, за неговото време, карактеристично во елаборација на пробемот за лавиринтската природа на човекот. Во Камиевото филозофско дело има мошне плодотворни и остроумни луцидни, самоосвестувачки, "вулкански" увиди за суштината на суштеството човек кои содржат своја трајна, трансцендирачка уникална вредност и значење.

## КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА


1. Herbert R. Lottman: Albert Camus, Editions du Seuil, Paris, 1976.
2. Roger Grenie: Albert Camus, Soleil et ombre, Gallimard, Paris, 1987.
3. Robert de Luppe:Albert Camus, Editions Univerzitaires, Paris, 1960.
4. Albet Camus, Odabrana djela u 8 svezaka, Zora, Zagreb, 1871.
5. Albert Camus, Sretna smrt, Naprijed, Zagreb, 1973.
6. Nikola Kovac: Sukob bica i ideala, alienacija u djelu Albera Kamija, Svjetlost, Sarajevo,1975.
7.Nikola Milosević: Antropoloski eseji, Nolit, Beograd,1964.
8. Pierre-Henri, Simon: Temoins de l'homme, A.Colin, Paris, 1960. 9. Albert Camus: Le mythe de Sisyphe, Gallimard, Paris, 1969.
10. Slobodan Popović: Kamievo trazenje smisla zivota u hronici "Kuga", Knjizevnost, Beograd, 1953, broj 7-8



Kole JOVANOVSKI


## LE KONCEPT ANTROPOLOGIQUE DE ALBERT CAMUS

(Resumé)


Dan cet l'article l'auteur ilya pour l'intention ehplication et systématisation sur le concept antropologique de Albert Camus. De cencept integral antropologique de Albert Camus sont elaboré suivant e segmentes: le sens de l'homme, le sens de la mort et le sens et valeur de la vie humaina. Le concept total antropologique de Albert Camus contient son durable et substantiele valeure et signification.